ХЕРА

# МЕНУВАЊЕ НА ПЕРСПЕКТИВИТЕ:

# СТАВОВИ И ПЕРЦЕПЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

**Комуникациски пакет за политичари и политички партии**



British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

# Содржина


| | |
|---|---|
| 3 | **Обраќање** |
| 4 | **Клучни наоди:** |
| 6 | Кој е најобесправен во нашето општество? |
| 7 | Какви разлики има во поглед на ставовите за обесправеноста и нееднаквоста по региони и според етничка припадност? |
| 10 | Во која област жените се најобесправени? |
| 12 | Колку сме еднакви на пазарот на трудот? |
| 14 | Колку сме склони кон типизирање на професиите како „типично машки или женски“? |
| 16 | Дали жените можат да бидат еднакво успешни како менаџерки и лидерки? |
| 18 | Татковско отсуство – да |
| 20 | Дали и жените и мажите можат еднакво добро да се грижат за домот, децата и старите лица? |
| 23 | Врз кого се става товарот да заработува повеќе во семејството? |
| 25 | Наследуваме ли еднакво како мажи и жени? |
| 27 | Има ли жената право на самостојна одлука за абортус? |
| 28 | Која е улогата на домот и семејството во едукација за родова еднаквост? |
| 29 | Која и каква е улогата на училиштата во градењето на концептот за родова еднаквост? |
| 30 | Како да се зајакне концептот за родова еднаквост и родова дискриминација во училиштата? |
| 31 | Како би се заштитиле кога лично би доживеале некоја неправда од родов вид? |
| 32 | Како би постапиле кога лично би ви било загрозено некое право само затоа што сте маж или жена? |
| 33 | Како да се пристапи кон прашањето за родова еднаквост од страна на партиите? |

# Обраќање

Пред вас е документ во кој ги презентираме наодите од истражувањето на јавното мислење за ставовите и перцепциите поврзани со родовата еднаквост.

Клучните наоди од студијата се базираат врз податоците добиени преку три истражувачки алатки, кои вклучуваат анкета, фокус-групи и професионални интервјуа. Анкетата на јавното мислење е спроведена теренски (лице в лице) на репрезентативен примерок од 1 100 испитаници на национално ниво, разделени според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење (урбано/рурално).

Граѓаните даваат поддршка да се продолжи работата во делот на родовата еднаквост. Тие ја гледаат родовата еднаквост како човеково право и како основа за постигнување напредок на нашето општество. Ова е целосно во согласност со обврските и напорите на државата да се постигне еднаквост во законот, но и еднаквост во реалниот живот. Во оваа насока се и напорите на државата кон постигнување на глобалните развојни цели, особено Цел 5 која се однесува на родовата еднаквост. Според Обединетите нации, таа подразбира дека се земаат предвид интересите, потребите и приоритетите и на жените и на мажите, девојчињата и момчињата, со што се препознава различноста на различни групи жени и мажи[1].

1 Повеќе околу дефинициите поврзани со родовата еднаквост и родот може да се прочита на веб-страната на UN Women, достапна на следниот линк: OSAGI Gender Mainstreaming - Concepts and definitions

# Клучни наоди:

**ШТО ПОДРАЗБИРААТ ГРАЃАНИТЕ ПОД РОДОВА ЕДНАКВОСТ? И ДАЛИ ПОСТОИ РОДОВА НЕЕДНАКВОСТ ИЛИ ТОА Е ИЗМИСЛЕН ПРОБЛЕМ?**

**Мнозинството луѓе во државата, односно**

**64,1 %**

**сметаат дека родовата нееднаквост е реален или, пак, и потценет проблем, а**

**28,6 %**

**сметаат дека е пренагласена** во нашето општество. Само 5 % од луѓето во државата сметаат дека тоа е измислен проблем.

## СТАВ ЗА РОДОВАТА НЕЕДНАКВОСТ







**Истото мислење го делат и претставниците на политичките партии** вклучени во истражувањето. Тие се едногласни во ставот дека во Република Северна Македонија сè уште нема еднаквост меѓу мажите и жените.

РОДОВАТА
НЕЕДНАКВОСТ Е?




**Жените повеќе ја чувствуваат родовата нееднаквост како реален или потценет проблем** во државата, споредено со мажите.

## КОЈ Е НАЈОБЕСПРАВЕН ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО?




Мнозинството испитаници (87,5 %) се согласни дека **жените се најобесправена група во општеството**.

Интересно е дека мажите во поголем степен сметаат дека самите тие се пообесправени од другите, додека жените во поголем степен сметаат дека токму тие се оние кои се најмногу обесправени.

Самото искуство на родова нееднаквост повеќе го чувствуваат жените.

*„Тие што не ја почувствувале родовата нееднаквост, не ја перципираат како проблем“, а „жените се соочуваат со тоа секојдневно“ и затоа се и посвесни за проблемот*

изјавува учесник на една фокус-група.

За илустрација, од вкупно 1 117 кривични дела од областа семејно насилство евидентирани во 2022 година, 91,9 % од сторителите се мажи, додека 8,1 % се жени. Истовремено, во рамки на истите дела 79 % од жртвите се жени, додека 21 % се мажи.

2 https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf> стр. 99.

**1117**

кривични дела






## КАКВИ РАЗЛИКИ ИМА ВО ПОГЛЕД НА СТАВОВИТЕ ЗА ОБЕСПРАВЕНОСТА И НЕЕДНАКВОСТА ПО РЕГИОНИ И СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ?

СВЕСНОСТ ЗА ПОСТОЕЊЕ
НА РОДОВА НЕЕДНАКВОСТ




Извор: 2025г. „Менување на перспективите: ставови, перцепции и наративи за родовата еднаквост", ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје

**Полошкиот Регион се одликува со најмала свесност за родовата нееднаквост, а Југозападниот со најголема.**

Особено е важно да се напомене дека во сите региони во руралните делови има помала свесност за родовата нееднаквост, во споредба со урбаните области.

Претставниците на партиите идентификуваат **пониско ниво на свест кај мажите во партиите** во однос на потребата за борба за еднакви права на мажите и жените.

*„Тоа се гледа по доминацијата на мажи во скоро сите сегменти на политички, економски и друг живот. Обесправеноста на жените најверојатно толку долго трае што луѓето не можат да ја препознаат.“*

Изјава на претставник на политичка партија

## РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ – КЛУЧ ЗА НАПРЕДОК!

Над **60%** од испитаниците

сметаат дека **родовата еднаквост е важна (потполно или делумно) за целокупниот развој на македонското општество и за влез во ЕУ.**

Ова е во согласност и со приоритетите за развој утврдени во Националната развојна стратегија, во кои е наведено дека демократијата, економскиот раст и благосостојбата можат да се постигнат само во општество во кое владеењето на правото е високо почитувано. Стратегијата понатаму дефинира дека владеењето на правото ги вклучува вредностите што се концентрираат на човечкото достоинство, слободите и правата, демократијата и правната држава, родово одговорното буџетирање, кои имаат суштествен карактер на водечки идеи[3].

3 Стр. 56 од Националната стратегија за развој 2024 –2044, достапна на следниот линк: Предлог на национална развојна стратегија 2024-2044 година

Родовата еднаквост е препознаена и како фактор за физичкото и за менталното здравје, како и за економскиот раст на државата, за подобар стандард и живот на сите нејзини граѓани.



## ПОРАКИ И ПРЕПОРАКИ:

- Родовата еднаквост еднакво ги засега и жените и мажите. Позитивните аспекти од родовата еднаквост се однесуваат на:
  - економски поразвиено и постабилно општество,
  - повеќе време за семејството и децата,
  - отстранување на улогата на мажот како „обезбедувач на лебот во домот“ и како товар што единствено мажот треба да го понесе,
  - подобрено здравје преку превентивни здравствени програми скроени според потребите на мажите, исто како и оние наменети посебно за жените,
  - подолг животен век,
  - подобар стандард за сите.
- Подобрена грижа за менталното здравје преку обезбедени бесплатни и лесно достапни советувалишта за мажи и достапност на стручни лица, на државно и на локално ниво, еднакво за сите.

## ВО КОЈА ОБЛАСТ ЖЕНИТЕ СЕ НАЈОБЕСПРАВЕНИ?

**Политиката** е препознаена како област со највисока родова нееднаквост, по што следуваат социјалната заштита и пристапот до пазарот на трудот. (На скала од 1 до 5)

РОДОВА НЕЕДНАКВОСТ ПО ОБЛАСТИ

3,71

Учество во политика



3,83

Обезбедување на социјална заштита

3,95

Пристап до пазарот на труд

**Ставот дека жените треба да се охрабруваат да се занимаваат со политика го поддржуваат околу**

**69%**

**ОД НАСЕЛЕНИЕТО.**

**4,00**
Пристап до квалитетни здравствени услуги

**4,06**
Пристап до високото образование

**4,11**
Учество во култура / забавниот живот

## КАКО ДО ПОГОЛЕМО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА?

1. Поддршка на жени од политичките партии преку нивно предложување за раководни позиции во извршната власт и за носителки на листи на парламентарни и на локални избори.
2. Позитивни кампањи во кои мажите даваат поддршка за поголемо учество на жени во политиката.
3. Реакција на политичките партии кога жена од партијата се соочува со напади и сексизам од медиуми и социјални мрежи.
4. Градење на мрежа од мажи во политичката партија кои се залагаат за родова еднаквост.
5. Измена на Изборниот законик со цел зголемување/воведување на проценти за застапеност на помалку застапениот пол, односно жените, во законодавната, извршната и локалната власт, вклучително и за градоначалничките места.
6. Подигање на свеста и на мажите и на жените во партиите во насока на поголема партиска поддршка за жените во политичките процеси и функции преку спроведување обуки, градење на менторски мрежи, како за жени така и за мажи кои сакаат да придонесат за родово одговорна политичка средина и партија.
7. Подигање на свеста на општата јавност за позитивните аспекти од застапеноста и на мажите и на жените на политичките функции.

## КОЛКУ СМЕ ЕДНАКВИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ?

Најмладите на возраст од 18 до 24 години сметаат дека родова нееднаквост најмногу постои во

области на трудот, особено при вработувањето и при користењето на породилното отсуство.





# И што сè ја попречува жената во градење на кариерата?

Поголемата обврска за грижа за домот и семејството, наспроти можноста за работа, исто така влијае врз недоволната застапеност на жените на пазарот на трудот.

**ПРЕПОРАКИ:**

- Зголемување на бројот на институции за грижа, со акцент на градинки и домови за згрижување на постари лица.
- Признавање на дел од неплатената работа за грижа во домот и работата во земјоделството како основа за остварување на права какви што се платено породилно отсуство и боледување.



## КОЛКУ СМЕ СКЛОНИ КОН ТИПИЗИРАЊЕ НА ПРОФЕСИИТЕ КАКО „ТИПИЧНО МАШКИ ИЛИ ЖЕНСКИ“?

Податоците покажуваат напуштање на стереотипното гледање на „машки и женски професии“ на пазарот на трудот и генерално постоење на изедначени ставови во однос на жените и мажите во професионалната сфера. Позитивен е ставот дека **жените можат да бидат еднакво стручни како и мажите во природните науки, математиката и инженерството, со кој сосема се согласуваат 71,3 % од граѓаните**.






Сепак, родовите стереотипи сè уште постојат кај професиите дефинирани како ризични и во кои се очекува потешка физичка работа, какви што се рударството и градежништвото, каде што мнозинството смета дека жените не би требало да работат во овие професии.

Родови стереотипи постојат и со професиите поврзани со нега, со оглед дека неполна третина, односно **29,3 % од испитаниците, сѐ уште сметаат дека професиите поврзани со нега (негуватели, болничари, воспитувачи) не им прилегаат на мажите.**






Поделеноста на машки и женски професии негативно влијае врз пополнување на дефицитарните места на пазарот на трудот. На пример, во учебната 2022/2023 има само 16,4 % девојчиња кои завршиле средно образование од електротехничка струка, додека процентот на девојчиња кои завршиле машинска струка е уште помал и изнесува само 5,6 %.[4]







4 <https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ObrazovanieNauka__SrednoObrazovanie__SrednoKrajUcebna/250_sredniucilista_rsm_t7_ml.px/>

## ДАЛИ ЖЕНИТЕ МОЖАТ ДА БИДАТ ЕДНАКВО УСПЕШНИ КАКО МЕНАЏЕРКИ И ЛИДЕРКИ?

Се забележува напуштање и на стереотипното гледање дека жените се помалку успешни лидерки/менаџерки од мажите. Речиси 80 % од испитаниците се согласни дека и мажите и жените можат да бидат еднакво успешни во раководење и водство. Тоа зависи од знаењата и способностите. Само 12,6 % од испитаниците сметаат дека мажите се природни лидери и дека се поодлучни од жените. **Жените и лицата со повисоко образование во поголем степен сметаат дека сите можат да бидат еднакво успешни, ако имаат соодветни квалификации и способности.** Исто така, тие во помал степен сметаат дека мажите се природни лидери и поодлучни од жените.



**79,4%**

**сите можат да бидат еднакво успешни**




Што е потребно за поттикнување на жените како менаџерки и лидерки?

- Зајакнување на поддршката за претприемништво на млади и жени, градење на вештини за раководење, како и јакнење на самодовербата.
- Зголемен пристап до информации за можностите за управување и поддршка на нови бизниси.
- Информативни кампањи водени на локално ниво од страна на општините и/или здруженијата на граѓани.

# ТАТКОВСКО ОТСУСТВО – ДА

Граѓаните целосно го поддржуваат правото на татковско отсуство при раѓање на дете. Високи 74 % сметаат дека таткото треба да има право на отсуство при раѓање на дете, додека 61,5 % сметаат дека користењето на ова право треба да биде задолжително.



**74 %**

таткото треба да има право на отсуство при раѓање на дете

**61,5 %**

кои сметаат дека татковското отсуство треба да е задолжително

Праксата покажува дека, ако не е задолжително, ретко кој ќе го искористи поради социјалните норми, отпорот од работодавачите, отпорот од околината. Искуствата на другите земји покажуваат дека, кога еднаш ќе ја увидат предноста од поминување повеќе време со децата, татковците редовно го користат ова право.

# Татковското отсуство може да помогне за поголема застапеност на жените на пазарот на трудот и во поддршката на родителите, која е и една од приоритетите на Владата утврдени во нејзината Програма 2024 – 2028 година[5].



**Како татковското отсуство да стане добра пракса во нашата држава?**

- Ако се промени Законот за работни односи, ќе се воведе можност за поделено родителско отсуство, зголемување на отсуство за татковците по раѓањето на детето и зголемување на процентот на жени на пазарот на трудот.
- Зголемена јавна свест преку промоција на правото за користење татковско отсуство.

5 Програма за работа на Владата 2024 – 2028, дел Национален план за демографија, достапна на следниот линк: programa-na-vladata-2024-2028.pdf

## ДАЛИ И ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ МОЖАТ ЕДНАКВО ДОБРО ДА СЕ ГРИЖАТ ЗА ДОМОТ, ДЕЦАТА И СТАРИТЕ ЛИЦА?

Испитаниците имаат генерално **современи ставови кога е во прашање традиционалната поделба на улогите на мажите и жените во домот и семејството**, особено во однос на грижата за домот. Така, 47,6 % не се согласуваат со ставот дека грижата за домот првенствено треба да биде на жената, додека 32 % се согласуваат.

И покрај ваквото мислење, очигледно е дека грижата за домот и семејството сè уште е главна обврска на жените.




Повеќето, односно над 40,5 %, не се согласуваат со мислењето дека грижата за децата и старите лица поприродно ѝ прилега на жената, наспроти 38 % кои се согласуваат со тоа.




грижата за децата и старите лица поприродно ѝ прилега на жената

Индексот за родова еднаквост[6] покажува дека најголемите родови нееднаквости се забележуваат во областа време. Ова значи дека жените поминуваат значително повеќе време во грижата за децата, внуците или други лица на кои им е потребна поддршка во семејството. Нееднаквоста е особено значајно изразена кај неплатената домашна работа и покажува дека **исклучително мал процент мажи (10,4 проценти) им посветуваат време на домашните активности** од кои зависат секојдневниот живот и функционирањето на луѓето, како што се готвење, чистење, перење и слични активности во домот.




**Затоа, жените се 57,2 % од неработното население, односно секоја втора жена во нашата држава е неактивна и не бара работа[7]. Ова значи дека работната сила која ни недостига е во нашата држава.**



6 Индексот за родова еднаквост е достапен на следниот линк: Државен завод за статистика - публикација: Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2022 - Мерење на родовата еднаквост

7 Податоци од Finance Think, достапни на следниот линк: Причините за женската неактивност може да се адресираат постепено и на долг рок - Finance Think

Понатаму, над 60 % од испитаниците се согласуваат дека самохраната мајка полесно би се снашла во грижата за детето отколку самохран татко. **Жените имаат поголема доверба во мажите дека еднакво добро би се снашле во грижата на децата како самохрани татковци.**

**60%**

## ДАЛИ МЛАДИТЕ МИСЛАТ ПОИНАКУ ПО ОВА ПРАШАЊЕ?

Младите се полиберални во своите ставови во споредба со повозрасните и повеќе поддржуваат поделба на обврските за грижата за домот, децата и старите лица. Тие помалку се согласуваат и во однос на тоа дека самохраната мајка полесно би се снашла во грижата за детето отколку самохран татко.

Тоа покажува тенденција на изедначување на родителската улога на мајките и на татковците и промена на перцепцијата дека единствено мајките најдобро се грижат за децата.



## ВРЗ КОГО СЕ СТАВА ТОВАРОТ ДА ЗАРАБОТУВА ПОВЕЌЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО?

Студијата потврдува позитивен тренд на **напуштање на стереотипот дека мажот треба да заработува повеќе од жената**. Овој став го поддржуваат речиси 74 % од испитаниците.



# 74%

**од испитаниците.**

Сепак, сѐ уште е присутен **стереотипот за улогата на мажот како првенствен обезбедувач на приходите** во семејството, со кој се согласуваат близу

# 52%





Исто така, со ставот дека управувањето со парите и имотот треба да му припадне само на мажот не се согласуваат

# 54,5%

И тоа, мажите во значително поголем степен се согласуваат со овие три тврдења, што укажува дека самите повеќе се придржуваат до традиционалната поделба на улогите во однос на заработката и управувањето со парите во семејството. Ова истовремено претставува и обврска и товар за мажите, за чии негативни последици не се доволно свесни.

## НАСЛЕДУВАМЕ ЛИ ЕДНАКВО КАКО МАЖИ И ЖЕНИ?

Постои тенденција на напуштање на мислењето дека имотот треба да го наследуваат машките членови на семејствата, барем декларативно. Така, мнозинството испитаници (75 %) сметаат дека имотот треба да се наследува рамномерно меѓу жените и мажите. Со овој став, жените се согласуваат во поголем степен од мажите. Од друга страна, 73,63 % од сопствениците на недвижен имот се мажи[8], а 26,37 % жени, додека во руралните области само 5 % од имотот го поседуваат жени[9]. Од друга страна, постои намалување на процентот на жени кои поседуваат имот. Односно, во периодот од 2020 до 2023 година процентот на жени кои поседуваат имот се намалил за 2 %[10].




Тоа неоспорно покажува дека овој проблем е сè уште многу присутен во нашето општество и дека многу негативно влијае врз економската моќ на жените.

8 Податоците се земени од Годишниот извештај за еднакви можности меѓу мажите и жените за периодот март 2022 – март 2023 година, на Агенцијата за катастар на недвижности, достапен на следниот линк: Godisen_izvestaj_za_ednakvi_moznosti_mart2022_mart2023.pdf

9 Податоците за имотот на жените од руралните области се добиени од анализа направена од страна на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), достапна на следниот линк: Macedonia-design

10 Овој податок е добиен со споредување на податоците објавени од Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2020 – март 2023, достапни на следниот линк: Родова еднаквост – Агенција за катастар на недвижности

## КАКО ДА СЕ ЗГОЛЕМИ ПРОЦЕНТОТ НА НАСЛЕДУВАЊЕ ПО ЖЕНСКА ЛИНИЈА?

Обезбедување информации за имотните и наследните права на граѓаните, со акцент на жените и на младите, а особено на жените кои се изложени на поголем социјален ризик.

Целни бесплатни правни советувања обезбедени од министерствата, општините и граѓанските организации на индивидуално и на групно ниво, и на мажите и на жените во средините каде што се регистрирани најголемиот број изјави за откажување од наследство.

Јакнење на свеста кај девојките и жените дека побарувањето на ова право не ја прави полоша сестра, ќерка, туку ја прави посамостојна.



## ИМА ЛИ ЖЕНАТА ПРАВО НА САМОСТОЈНА ОДЛУКА ЗА АБОРТУС?

Во однос на прашањето за абортус, продолжува позитивниот тренд на поддршка, со оглед на тоа дека

**мнозинството испитаници (61 %) сметаат дека абортусот треба да биде дозволен во нашата држава.**

61%

**Меѓутоа, се проблематизира самостојноста на женската одлука по ова прашање**. Имено, 48 % од испитаниците се согласуваат, но 26,8 % не се согласуваат со тврдењето дека жената треба да има право самостојно да одлучи за абортус, без влијание од партнерот и од семејството.

**Што клучно треба да зајакнеме во овој контекст?**

- Институционално обезбедени информативни содржини за сексуално и репродуктивно здравје, како и можности за бесплатна превенција.

## КОЈА Е УЛОГАТА НА ДОМОТ И СЕМЕЈСТВОТО ВО ЕДУКАЦИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ?

Најголем број од испитаниците (81,4 %) даваат поддршка за еднаков дом во кој нема поделби на „машки и женски работи и улоги“. Мнозинството испитаници, особено жените, сметаат дека родителите треба да поттикнуваат и да учат на еднаквост и на еднаква поделба на улогите меѓу мажот и жената. Половина од испитаниците ја препознаваат активната улога на родителите во покренувањето на свеста за еднаквост. Сепак, традиционалните модели за родово поделените улоги во домот, кои трансгенерациски се пренесуваат, многу тешко можат да се променат.

**81,4%**

Даваат поддршка за дом без поделба на „машки и женски“ работи

**Пол и согласност со различни тврдења за улогата на родителите**



## КОЈА И КАКВА Е УЛОГАТА НА УЧИЛИШТАТА ВО ГРАДЕЊЕТО НА КОНЦЕПТОТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ?

Мнозинството жени (72 %) сметаат дека правата на жените не се промовираат доволно во училиштата. Од друга страна, само 34 % од мажите го мислат истото, што покажува недоволна поддршка за промоција на женските права во образованието од страна на мажите.




Жените значително повеќе од мажите сметаат и дека треба во учебниците/училиштата да се зборува за неправдите што ги доживуваат луѓето како последица на родова дискриминација. **Вкупно 61 % од жените, наспроти 41 % од мажите, сметаат дека е важно да се зборува за неправдите за да станат сите почувствителни кон лицата кои биле изложени на родова дискриминација.** Од друга страна, мажите во поголем степен (25 %) од жените (11 %) сметаат дека не треба да се зборува за тоа, бидејќи повеќето неправди како последица од родова дискриминација се измислени, што покажува отсуство на свест и емпатија за родовата дискриминација.

## КАКО ДА СЕ ЗАЈАКНЕ КОНЦЕПТОТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И РОДОВА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА?

- Политичарите би требало да ја промовираат родовата еднаквост во јавноста во позитивен контекст и да се залагаат за остварување на правата на жените.

- Да се внесат содржини во рамки на граѓанското образование, во средното образование, во насока на подигнување на општата свест за разбирање на политичкиот и општествениот контекст, но и во врска со потребата, влијанието и формите за активно граѓанско учество.



## КАКО БИ СЕ ЗАШТИТИЛЕ КОГА ЛИЧНО БИ ДОЖИВЕАЛЕ НЕКОЈА НЕПРАВДА ОД РОДОВ ВИД?

**Во случај на лична неправда која е доживеана поради тоа што се жени или мажи, граѓаните се спремни да го заштитат правото на родова еднаквост. Вкупно 90 % од испитаниците се изјасниле дека би реагирале на одреден начин, било да е тоа со јавно зборување за неправдата или, пак, со жалба или тужба таму каде што е потребно.**




Само 6 % од населението би ја прифатиле неправдата без да се побунат, а 4 % не знаат што би сториле или не сакаат да се изјаснат.

## КАКО БИ ПОСТАПИЛЕ КОГА ЛИЧНО БИ ВИ БИЛО ЗАГРОЗЕНО НЕКОЕ ПРАВО САМО ЗАТОА ШТО СТЕ МАЖ ИЛИ ЖЕНА?

- **Би покренал/а жалба (против одлука) за да се оствари моето право**
- **Би покренал/а тужба таму каде што е потребно**
- **Би го прифатил/а тоа без да се побунам**
- **Не знам/Одбива да одговори**




Притоа, оние кои **би се побуниле и би зборувале за доживеаната неправда се почесто повозрасните и помалку образованите**, додека иницијативи за формалноправна заштита на правата во смисла на **покренување на жалби и тужби почесто би преземале помладите и луѓето со повисоко образование**.

# 50 %

Сепак, **над 50 % од испитаниците сметаат дека начинот на реакција и заштита од страна на обесправените не треба да го иритира мнозинството** (44,9 % сметаат дека жртвите на родова дискриминација треба да најдат решенија кои нема да го иритираат мнозинството, а 5,3 % сметаат дека жртвите треба да молчат), што покажува **многу низок степен на солидарност и емпатија кон обесправените, особено од машките испитаници и од оние со пониско образование.**

## КАКО ДА СЕ ПРИСТАПИ КОН ПРАШАЊЕТО ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ОД СТРАНА НА ПАРТИИТЕ?

- Политичките лидери и партиите можат да едуцираат и да охрабрат заштита на правото на еднаквост, вклучително и родова еднаквост. Тие би требало да повикуваат на солидарност и емпатија и треба да се нагласува дека заштитата на правата на секое ниво, вклучително и на индивидуално, е императив за демократијата и напредокот.
- Охрабрување на барањето заштита и од жените политичарки, кои се поизложени на родово вознемирувачки говор и закани. Политичките лидери можат да дадат пример и да ги охрабрат останатите луѓе во државата, особено жените, дека загарантираните човекови права треба да се штитат преку правните механизми кои стојат на располагање.
- Да се охрабрат сите институции вклучени во превенција и заштита активно да се вклучат на темата и да го гарантираат правото на секој поединец за слобода на избор на изразување и донесување одлуки за себе и за својата иднина.
- Да се развива емоционално препознавање и сочувственост кај децата од најрана возраст, преку работа со кадарот во градинките, родителите, детските психолози и други стручни лица.

ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

www.hera.org.mk

ЦИП

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Заедно за родова еднаквост: Градење поддршка за родово инклузивни политики“, финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.